# БЕЛО
# СЕ ПЕРЕ НА
# ДЕВЕДЕСЕТ

ars libris®

**Belo se pere na devetdeset**
Bronja Žakelj
Copyright © Beletrina Academic Press, 2018
www.beletrina.com
Copyright © of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI

**Бело се пере на деведесет**
Брoња Жакељ
Авторски права © „Белетрина академик прес“, 2018
Авторски права © на преводот: Фондација „С. Фишер“ по барање на „Традуки“

© 2021 Арс Ламина – публикации, за изданието на македонски јазик

**Арс Либрис**, дел од Арс Ламина – публикации
Скопје, 2021

**Едиција:** Литера Модерна

**Главен уредник:** Бранка Бугариска

**Уредник:** Бисера Бендевска

**Лектор:** Дејан Василевски

**Графичко уредување:** Арс Ламина – публикации

**Дизајн на корица:** Pointer Creative Agency

**Печати:** Бранко Гапо – графичко производство, Скопје

**Тираж:** 800

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

БРОЊА ЖАКЕЉ

# БЕЛО СЕ ПЕРЕ НА ДЕВЕДЕСЕТ

Превод од словенечки јазик:

Дарко Спасов

traduki

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, книжевна мрежа, на која припаѓаат Сојузното министерство за Европа, интеграции и надворешни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, австриското здружение на преведувачи (Куќа на книжевноста Виена) по налог на Сојузното министерство за уметност, култура, јавна служба и спорт на Република Австрија, Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија, Министерството за култура на Република Хрватска, Ресорот за култура на владата на кнежеството Лихтенштајн, Фондацијата за култура на Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија, Министерството за култура на Република Романија, Министерството за култура на Црна Гора, Министерството за култура на Република Северна Македонија, Министерството за култура на Република Бугарија, Саемот на книгата во Лајпциг и фондацијата С. Фишер.

*за тебе Катјуша и за тебе Матија*

Овој роман се заснова на автобиографски факти, а раскажувањето е литераризирано. При креативниот процес авторката црпеше од сеќавањата, така што делото не е нужно точен одраз на реалните факти и настани.

# *I*

Те викаат Мита, а јас те викам мами. Толку многу си убава и толку многу си моја.

Ја знам твојата коса, кафеава е, а понекогаш има црвена нијанса. Тоа се случува кога си на сонце. Ја знам твојата кожа, обликот на забите и устата и линиите на дланките. Знам како мирисаш и како ти се затегнува вената на вратот кога се смееш гласно. И ги знам твоите очи, сите твои очи.

Знам каков модел на чанта имаш, што понекогаш ја земам за пред огледало и какви се твоите чевли што си ги обувам тогаш. Знам какви се твоите виклери за коса и која нијанса на сина боја е хаубата под која седиш секоја недела навечер кога се капеме, еден по друг, сите по ред.

Јас се капам прва, Рок мора да биде втор затоа што ми е брат и затоа што долго време беше бебе и долго време не можев да се натпреварувам со него. Со него долго време и не можев да си играм. Единствено можев да го ставам на масата и да си играм докторка. Му ги соблекував панталоните и го чепкав за курето. Понекогаш ја викав и сосетката Лина, за да му го види курето и таа, затоа што нејзиниот брат, кој исто така беше бебе, не даваше да го чепкаат.

Ти се капеш трета за да има време да ти се исуши косата, а тато се капе по тебе. Тато некогаш и не се капе, затоа Дада доаѓа на ред порано. „Еве, мами, повторно профитираше“, ѝ велиш. Зборот „профитирала“ ми се чини многу тежок, но ми се допаѓа и си го запаметувам. Исто како и зборот „фактички“.

***

Живееме на „Војкова“ и на нашата улица секогаш грее сонце. Во март, кујната ни мириса на воздухот што влегува во неа,

кога Дада по првпат ќе ја отвори вратата на балконот, лете мириса на избледеното платно на зелената ролетна, а наесен на влажната земја од градините под нас. На „Војкова“ сонцето сјае дури и зиме, кога надвор има снег и е студено и кога со ќебиња ја затнуваме балконската врата во долниот дел и кога одиме по јаглен со метална кофа во подрумот. Во кујната тогаш имаме топло дрво, оган, загорено млеко и бухтелни* и секој петок мириса на восок „токо“, што капе по сивиот линолеум на подот во ходникот каде што тато ги подготвува своите скии за сабота. Ако има мраз, восокот е син, ако одјужи, тогаш е жолт. Ама најчесто е црвен. Кога скиите се подмачкани, тато меѓу нив става „Дневник“ и ги лепи со селотејп. Кога ги носиме до патеките, тие веднаш му се вкрстуваат. Ако кантовите се изгребат, тато се лути.

***

Во седум и пол гледаме дневник. Телевизорот го вклучуваме во 19.14, за да загрее до 19.15 за цртаните. Го гледаме и цртаниот со зајачињата Цик-Цак. Сите заедно, секој ден.

По дневникот, со Рок мора да одиме на спиење. По дневникот, може да останеме само двапати годишно. За новогодишната ноќ и за Денот на младоста. Тогаш сите ја гледаме прославата за роденденот на Тито, само тато понекогаш не гледа и вели дека тоа е едно обично срање. Ми се допаѓа прославата затоа што многу го покажуваат Тито, кој е многу љубезен кога ја добива штафетата и затоа што вежбаат во многу прави редови.

Затоа, по Новата година едвај чекаме да дојде 25 Мај, а по 25 Мај едвај чекаме да дојде Нова година.

***

Тато нема многу коса и многу често вели: „Опа, бато!“ Велите дека има вкус за облекување, јас не мислам така, а ми изгледа

* Слатко печиво од квасено тесто, во форма на лепче. Обично се полни со цем и се попрскува со шеќер во прав. Потекнува од Чешка. (Освен ако не е поинаку наведено, сите забелешки се на преведувачот.)

помал од тебе, иако тој вели дека не е. Еднаш слушнав како му рече дека е колерик. Не знам што е тоа.

Тато е професор по историја и географија, ама не предава во училиште затоа што работи во Словин. Предавал само додека студирал. „Знаеш каков страв и трепет сум бил", вели и ме скубнува за косата над ушите, фаќајќи ме на задниот дел од вратот, каде што толку многу здоболува што секогаш врескам. „Нема лабаво. Само железна дисциплина. И покрај тоа, на крајот на годината ми го дадоа ова", и од плакарот вади дрвена кутија цигари на која е напишано неговото име. На кутијата пишува Јанез Жакељ. Кутијата за цигари не е ништо посебно, но мислам дека татко ми е многу горд на неа.

Тато по дневникот кажува чудни зборови. Понекогаш вели: „Пизда им матер комуњарска! Сѐ заебаа овие црвените!" Тоа не го разбирам. Кои црвени? Кој е црвен? Нема такво нешто на телевизија. И што заебале? Затоа што мене ми е убаво. Сѐ. Горда сум затоа што сме поразлични од сите и затоа што сме најдобри. Добиваме најмногу јаглен, имаме најдобар компир и најмногу пченка, имаме најдобри скијачи, најдобри сме во кошарка, нашиот Тито го сакаат сите. И горда сум затоа што градиме нови патишта, долги и широки. И едвај чекам да пораснам за да почнам и самата да ги градам. На ударните акции, каде што се пеат песни, каде што се свири на гитара, се крева знамето, а како маренда даваат земичка и колбас, исто како на крводарителска акција, кои исто така едвај ги чекам. „Мооре, колку си дрчна", ми вели татко ми.

„Јанез, не биди толку нервозен", тогаш обично му вели Дада, облечена во еден од розовите фустани купени во „Она-Он". Преку фустанот си опашува и престилка, а вели дека некогаш од камата ќе си купи боросани. „Добри се за нозете", вели. Мене не ми се допаѓаат затоа што ги носи домарката, која ја викаме „другарката домарка", од кулата на раскрсницата до нашата зграда. На Дада ѝ го кажав тоа.

Прстите на Дада се жолти од цигари, исто како што е жолт праменот коса што ѝ стрчи на челото затоа што многу пуши, кај нас многу се пуши. Но, нејзините раце се топли и пред сѐ многу меки. Излупените јаболка ги сечат на парчиња, запржуваат компири на

загорен кромид и скришум ставаат шеќер во обичен јогурт кога татко ќе погледне на другата страна. Греат кога ќе премрзнам и ми го бришат носот кога ќе настинам.

Со Дада многу се карате затоа што таа ти е мајка. Понекогаш се карате за лебот што ни го мачка со маргарин за мене и за Рок, а потоа посипува шеќер, понекогаш поради бисквитите „алберт“ што ни ги мачка со мармалад од кајсија. „Зошто ги товиш како прасиња“, велиш, иако не сум дебела, затоа што во „Олимпија“ тренирам скијање и многу се качувам кога си играме крадци и жандари. А имам меше и кога ќе ни дојдат гости, сакам да ја кревам маицата и пред нив да го дувам како балон. Папокот ми го врзале така што сега ми стрчи надвор. „Сега не може да се смени“, ти велат лекарите на систематскиот преглед. „Една од двете техники.“ И токму таа тебе не ти се допаѓа. А мене ми се допаѓа и моето надувување е смешно за сите, дури и за тато. Само тебе не ти е, затоа секогаш викаш: „Броња, не се глупирај, спушти ја маицата!“

Тоа ставањето шеќер на лепче или шеќер во јогуртот го нервира и татко ми, ама и тој става во јогуртот откако ќе си легнеме сите. Така вели Дада, затоа што го фатила една ноќ, а јас ѝ верувам, иако тато е многу лут и вели дека си измислува, па му одговара: „Ајде ајде, Јанче, сношти и тебе ти беше убаво да си ставиш, нели?“ Сите се смееме освен тато, затоа замолкнуваме.

Инаку, тато многу се смее и се смее гласно, но најмногу кога имаме гости, затоа јас и Рок многу сакаме да имаме гости. Тогаш тато кажува смешни работи. Тој често вели: „Го знаете она од Алан Форд, докторот прашува: Ве боли ногата? Исечете му ја! А пациентот вели: Ама докторе, не ме боли ногата, желудникот ме боли! И пак докторот: Тогаш исечете му го желудникот!!!“ Потоа се клешти како луд. Како луд зајдува од смеа и кога ќе каже како слеп питач со слепо куче спискува „Циција!!!“ кога во дланката ќе му фрлат еден цент. Тогаш тато покажува како се врти скржавецот кога ќе го слушне слепиот човек зад себе. Тато се врти како на сликата во Алан Форд.

Многу често имаме гости, и кога кујната ни е полна, Дада вели дека имаме состанок на куќниот совет. До пладне на кафе доаѓа сосетката Бакика, која е многу паметна и строга. Дида, кој ѝ

е сопруг, никогаш не доаѓа на кафе затоа што чита многу големи книги што ги чува во кабинетот до кујната. Дида е професор и е многу сериозен и помалку зборува. Само еднаш се слуша како вика. Тоа е кога Бакика пере бело и врелата вода од машината за перење ја испушта во кадата каде што лежи Дида, затоа што се капе.

Понекогаш на гости ни доаѓа и Вида, а ако имаме среќа, од Шишка доаѓа и Марјана, со која Дада работеше во „Декоративна“ додека уште одеше на работа. „Бевме колешки“, вели Дада. Вида е сериозна, Марјана е забавна. Уште од врата ќе викне: „Нема да веруваш, Михела, што ми се има случено! Слушај го ова!“ Дада слуша, сите слушаме, ама јас и Рок слушаме најмногу.

Понекогаш и Рада ни доаѓа во посета. На заминување секогаш вели: „Да не ми замерите“. Не разбирам. Ништо не скрши, не викаше, само седеше на нашата маса. „Ќе ѝ замериме за нешто?“ ја прашувам Дада. „И некни ти кажав, тоа така се вика“, вели Дада и ме фраснува малку.

***

На „Војкова“ речиси секој ден ни идат и Станчи и Ацо. Тато е колега на Ацо. Тој е Црногорец, затоа презимето му е Костиќ. Тој е директор на студентската населба во Рожна Долина.

Кога и ти ќе добиеш работа во студентски дом, тогаш ќе биде и твој директор. Ми се допаѓа твојата работа затоа што се грижиш за настапите, концертите и излетите и затоа што можам да ти помагам и да цртам плакати со тебе. Ти ги црташ големите букви и големите бројки, а јас потоа ги бојадисувам со фломастери. Кога за 25 Мај ги лепиме плакатите по огромната застаклена менза и кога ќе ни остане селотејпот, си го земам за дома. Фломастерите не смеам да ги земам. „Службени се“, велиш и ги ставаш во кафеавата чанта.

Ацо е многу голем, со густа сјајна и црна коса. Ја чешла наназад. Има многу бел тен, а кај брадата и по образите е сив. Секој ден е тазе бричен. Има влакнести раце и многу убаво се облекува. Секогаш носи костум и вратоврска и само тој е таков во нашата кујна.

Секогаш носи пеглана кошула и на излетот кај Сора е пеглан, па дури и кога игра фудбал во Мостец. Кога ќе му стане жешко си ги засукува ракавите.

Кога доаѓа кај нас, Ацо многу мириса на колонска вода. Секогаш носи тарот карти и коцки што потоа до доцна тропаат по масата. Секогаш краде, па поради тоа понекогаш се караат. Тој нè краде и мене и Рок кога играме домино или „Црн Петар". Така вели Дада и се лути. Тој не чека Божиќ, ниту Велигден, ама еднаш за Нова година ни донесе огромен пакет. „Ова не е од Божиќ, ова е од Дедо Мраз", рече. Во пакетот имаше автомобил за Рок и вистинска кукла за мене. Тоа е малку потоа кога ме виде во дворот со млеко. „Тоа ми е бебето", ти велам кога ме праша зошто на градите носам млеко завиткано во твојата розова крпа.

На твојот роденден, Ацо ти ја подари книгата *Ти помагам во готвењето* од Мари Хедвиц Стубер и на првата страница напиша: *Мита мата види флека, ручекот топол чека, супа веќе нема, тато вино зема.* Неколкупати прочитав, многу ми се допадна. Телешки шницли печевме уште првата недела по добивањето на готвачот.

Тато и Станчи го познава од колегиумот, тој живее во висококатницата до „Плава лагуна". Станчи е од Кочевје и кога бил мал немал дом. Затоа што немал дом, немал ни мајка и татко. „Броња, Станчи има два факултета", ми велиш ако му дрдорам.

Станчи никогаш не носи фармерки, секогаш носи кафени панталони, кафеава кошула и кафеава јакна. И околу него секогаш има кафеав чад затоа што многу пуши, ама тој вели дека тоа не е ништо. Кога ќе му седнам на колена ми вели дека и јас бргу ќе пропушам. Да се обложиме во големо чоколадо „горењка" со лешници дека нема.

Станчи нема девојка, велите дека не може да се снајде. Кога конечно се снајде, си ја најде Цветка. Цветка е цариник, мала е, секогаш носи панталони и има големи очила. И оди на бочање. Кога Цветка ја снема, Дада рече: „Ацо сè заеба". А зошто, не кажува. Мене ми е жал, затоа што Станчи ми се допаѓаше со Цветка.

Кога Станчи доаѓа кај нас, тој секогаш седнува на истото столче и секогаш го зема „Дневникот", а во четврток и „Неделникот". Со Дада ќе фрлат една срча сливова, што Дада ја полни само до

црвените точки нацртани под горниот раб на чашите, ама затоа ги полни по неколкупати. Понекогаш му вели на Станчи: „Бери ум, Станчи, бери ум“.

Еднаш кога Станчи не дојде неколку дена, го пративте Рок да види што не е во ред. „Станчи е во ред“, кажа Рок кога се врати. „Гледа телевизија во дневната соба, само не знам зошто на шпоретот од тенџерето му расте гравот.“ Тоа се случува откако со Цветка веќе не одат заедно на бочање.

Понекогаш и Дамјан доаѓа кај нас. И тој е од колегиумот, но не е од Кочевје затоа што е од Годовиќ. Дамјан е земјоделец, затоа мириса на трева и на земја. Ни носи месо за во замрзнувачот и колбаси во свинска маст, а понекогаш и леб од фурна. И Дамјан нема девојка. Дада вели дека е премногу пребирлив. Дека сака на село да однесе некоја убава и паметна и учена и дека таква сѐ уште не се родила. Мене не ми се чини така, со Дамјан мислиме исто.

***

На „Војкова“ доаѓаат и братучедите на тато. Понекогаш доаѓа Марјети, педијатарка која има рак на лимфните јазли. Понекогаш велите: „Пак ѝ се врати“. Или велите: „Ѝ ја заменија хемотерапијата“. Зборот хемотерапија ми се чини многу отровен.

Се плашам од рак, го гледам како ползи по Марјети и ја јаде. „Не, не, не е животно, тоа само така се вика“, нервозно ми велиш.

Кога Марјети едно лето доаѓа кај нас, изгледа прекрасно во светлозелениот фустан. Со Миха, кој е доктор по рендген, велат: „Ќе се преселиме на ’Ерјавчева‘, во тавански соби и ќе се венчаме“.

Потоа веќе никогаш не ја гледам. Се сеќавам само како една вечер сите сиви седите на масата во кујната и зборувате за вената што ѝ пукнала в глава и за чашата ладно млеко што ја побарала малку пред тоа.

***

Кај нас често знае да заѕвони и Бојан, и тој му е братучед на тато. „Дада е мојата втора мајка“, вели понекогаш Бојан. Тоа

навистина ѝ се допаѓа на Дада. Многу ѝ е мило што е во редот веднаш по тета Ленка.

Со Бојан понекогаш доаѓа Марија, која е сестра на Бојан, и јас ја викам Бојанова Марија. Марија студира хемија и за еден Божиќ, од Лондон ми донесе цртани филмови на касети. Кога ќе ги ставам во пластичната сина камера, ќе погледнам низ малиот прозорец и ќе го свртам копчето. Тогаш Плутон стрчува преку градината и потоа во неговата колиба глода голема коска. Ако вртам брзо, Плутон трча брзо, ако вртам полека, Плутон едвај се движи. Ако вртам назад, Плутон ја испушта коската од муцката. Му го покажувам цртаниот филм на секој што ќе дојде кај нас. На Рок, Марија му донесе автомобил „буба“.

Понекогаш гледам фотографии на кои е Андреј, братот на Бојан и Марија, кој едно лето излета од патот на нагорнината кај Медно. На фотографијата што понекогаш ја вадам од кутијата за чевли, Андреј танцува на карневал. Со лента во косата, во кошула со голема јака. Тогаш велите: „Еее, колку беше паметен, само десетки, а ништо не учеше, и тоа по математика!“ Тогаш секогаш велите: „Сиромашките тета Ленка и чичо Владо! Најлошо е да загубиш дете“. И секогаш го зборувате истото, зашто од смртта на Андреј тета Ленка не се насмеа веќе никогаш. Госпоѓата со тажни очи, така ја викаат.

***

Тато има и тројца браќа: Франци, Јоже и Станко.

И тие ни ѕвонат. Најмногу Франци.

Франци е речиси ќелав. Тој е најмладиот, највисокиот, најслабиот и најсмешниот од нив. Само тој не им се обраќа со вие на мајка му и татко му. Кога на полувремињата ги гледаме Бадум Бадум, Пинк Пантер и Густав, тој се смее со солзи. Некогаш ни носи грозје, а некогаш од Швајцарија огромни чоколада „тоблероне“.

Јоже е речиси ќелав. Тој студира физика и е многу паметен. Најмногу од сите, велите, па внимавам како разговарам со него. Кога отиде на студии во Германија, на тато му донесе жолта маица со големи, долгнавести и назабени зелени листови по рабовите,

а над нив пишуваше *Marihuana pickers*. Тато ја облече, сите се изнасмеавте. Мене не ми беше смешно. И на Дада.

Затоа што чичо ми Јоже има астма, ретко ни доаѓа на гости. Кога ќе нè покани дома за неговиот роденден, тој оди на балконот кога ќе запалите цигара. Затоа на родендените најчесто е на балконот. Вам тоа ви е смешно и го зафркавате.

Станко е ќелав и пелтечи. Кога бил мал, јадел и пишувал со левата рака, па на ручек го мавале по ушите со црпалката за супа. Кога ќе го кажете тоа, не ми е убаво. Уште повеќе, кога ќе кажете дека тој секогаш морал да ги пере на рака измрсулавените марамчиња.

Станко не доаѓа многу кај нас, но кога доаѓа носи чевли од „Пеко", затоа што работи во „Пеко". Затоа чевли од „Пеко" носат и тато, Франци, Јоже, Бојан и Станчи. Ацо не ги сака. И затоа, нашите слики, нашите документи, моите салфетки и џамлиите на Рок, како и сликичките со Сандокан, додека не му купат албум, се секогаш во кутии „Пеко".

***

Тато има и две сестри: Анита и Хелена.

Анита нема многу коса. Таа не е мажена, нема деца, не оди на работа и често ме вика Бони.

„Само неколку испити ми останаа за да завршам", вели кога моите сипаници ги кажува на латински *varicellae*. Бојан, братучед на тато, кој наскоро ќе биде хирург за стомак, исто како чичо Владо, кој е главен за стомак во болницата, тогаш погледнува кон плафонот. Затоа што Анита е речиси лекарка и затоа што знае латински, ве прашувам дали може да ми ја измие главата кога добивам вошки. „Анита го прави тоа подобро", ти велам. Нервозна си и не ми дозволуваш.

Во велигденските кошнички на Анита, тревата е живо-зелена, а нејзините зајачиња се направени од најдобро чоколадо. Во море не влегува по скали, туку скока од карпа, јас со неа можам да правам работи што не смеам да ги правам дома. Ми носи гуми за џвакање што личат на цигари. Потоа заедно пушиме. Јас гуми за џвакање, а таа вистински цигари.